КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ , на седница одржана на ден 30.11.2016 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1111/3-4
30.11 2016 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Започнатите извршувања врз основа на член 51 од Законот за вонсудско спогодување ( Службен весник на РМ бр.12 од 22.01.2014 година ) ќе се прекинат со заклучок за прекин на извршител.

Извршителот заклучокот за прекин на извршувањето, ќе го достави до носителот на платен промет, без при тоа да се врши деблокирање на сметката. Блокадата на сметка со налог на извршител ќе остане евидентирана во банка, но нема да се врши издвојување на парични средства по тој налог, од сметката на должникот се додека трае прекинот.

Странките и учесниците во извршувањето кои се засегнати од правните последици од отварање на постапка за вонсудско спогодување, имаат право на приговор против неправилности до претседателот на судот согласно Законот за извршување.

Доставата на одлуки на Спогодбениот совет за постапување по предлог за вонсудско спогодување се врши согласно доставната наредба на советот кој одлучувал. Извршителот има обрска за постапување по моментот на сознание за постоење на решение за отварање на постапка за вонсудско спогодување.

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Зоран Петрески

Бул. ,, Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com